Децентрализирана соработка Долна Нормандија / Македонија

# Известување до медиумите

## Многубројни посети од Долна Нормандија во Македонија

*9 јули 2012 година*

Во рамките на програмата за децентрализирана соработка помеѓу Долна Нормандија и Република Македонија, во периодот од 2 до 9 јули 2012 година неколку делегации од овој француски регион беа во официјална посета во Македонија.

На 4 јули 2012 година беше потпишана Спогодбата за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија од страна на Корин Фере, Заменик Претседател на Регионот Долна Нормандија и господинот Невзат Бејта, Министер за локална самоуправа на Македонија. Оваа спогодба го означува продолжувањето на програмата за децентрализирана соработка во наредните четири години.

Госпоѓата Фере, како предводник на неколку-членета делегација од Франција во Македонија, покрај со Министерот Бејта, исто така се сретна со Претседателот на Република Македонија, господин Ѓорѓи Иванов, со неколку градоначалници од Македонија и со партнерите од проектот. Исто така, таа додели награда на затворањето на Фестивалот на француски филм во Охрид.

Во тој период, во Македонија престојуваа делегации од француските општини Каен, Вистреам и Флори на Орн. Делегацијата од Каен беше поканета по повод Фестивалот на француски филм во Охрид, со кого се збратимени од 2009 година. Општинските советници од Вистеам имаа прилика да ја задлабочат нивната соработка со збратимениот град Струга во полето на управување со отпад. Карпош за прв пат беше домаќин на општината Флори на Орн од Нормадија, и договорена е идна соработка на многу полиња.

Ова е веќе петта година на реализација на Програмата за децентрализирана соработка помеѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија. Програмата се состои од размена на искуства во неколку теми: нови технологии, млади, културни политики, попис на културно наследство, туризам и земјоделство ставајќи ја во прв план локалната демократија. Во активностите се вклучени повеќе од 140 партнери од Долна Нормандија и Македонија меѓу кои централни и локални власти, невладини организации и културни и образовни институции. Програмата поттикна збратимување на 8 општини од Македонија со општини од Долна Нормандија.

За повеќе информации за проектот: www.bn-mk.org

**Канцеларија за соработката помеѓу Долна Нормандија и Македонија во Скопје**
Лице за контакт: Ивана Димитровска – Шеф на канцеларија: ivana.dimitrovska@aldaintranet.org

*Програма за децентрализирана соработка меѓу Регионот Долна Нормандија и Република Македонија*
Канцеларија на соработката во Скопје
*Асоцијација на агенции за локална демократија (АЛДА)*
Бул. Партизански одреди 15а 2/2, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 00 389 2 6091 060 | bn-mk@aldaintranet.org